Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Постапувајќи по претставката бр. 08-152/1 од 12.12.2023 година, поднесена од [redacted] против Општина Центар и Град Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 16.2.2023 година, го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-152/2
17-02-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**Образложение**

На 12.12.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од Бранко Илиевски против Општина Центар и Град Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа.

Подносителот на претставката најпрво наведува дека заедно со неговата фамилија имаат бугарско, српско и македонско државјанство. Бидејќи во 1993 година во својот хотел го примил првиот бугарски амбасадор во Македонија - [redacted] а подоцна во 2004 година и поранешниот министер за одбрана на Р. Бугарија – [redacted] тврди дека со години трпи дискриминација од македонските институции.

Подносителот на претставката најпрво смета дека е сторена дискриминација од страна на Општина Центар во врска со урбанистичката согласност заведена под нивни број Уп1 бр.26-446/2012 од 6.4.2015 година, како и Заклучокот од 2015 година со кој му било утврдено да плати по едно евро за м2 за куќата на живеење од 475м2. Покрај нејзе, имало урбанистичка согласност и за гаража и базен, која била испратена до Град Скопје на 9.4.2015 година за оттаму да направат пресметка за плаќање на надомест за утврдување на правен статус на бесправен објект, но Град Скопје до денес се уште немаат направено пресметка за гаражата и базенот. На ден 25.10.2022 година, Општина Центар донела Заклучок за прекин на постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект под Уп1 бр.26-446/2012. Образложението е дека во текот на постапката, подносителот има поведено и судска постапка пред Основниот граѓански суд во Скопје со бр.39 П4-230/19, со чие завршување е условена постапката за утврдување правен статус на бесправен објект. Општина Центар се повикува на член 147 став 1 од Законот за општа управна постапка, но подносителот смета дека за истото немаат законска основа. На ден 15.11.2022 година подносителот Бранко Илиевски поднел и жалба против гореспоменатиот заклучок за прекин до второстепениот орган. На 5.12.2022 година, пак, поднел жалба до Министерството за транспорт и врски согласно член 20 став 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да одлучува по жалби на управни акти. Против споменатиот заклучок, подносителот веќе го искористил редовниот правен лек, односно поднел жалба, па следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го упатува да го чека исходот од постапката пред надлежните управни органи.

Законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други****"*.

Членот 5 од истиот Закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека во конкретниот случај не се работи за сторена дискриминација.

16.2.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата

Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]